РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-566/6
22-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-566/1 од 28.01.2026 година, оформен по пријава во врска со наводи против службено лице вработено во ЈУ -------------- ---- -----------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапил друг надлежен орган и во тек е постапка пред Основното јавно обвинителство Охрид.

Предметот со број 12-566/1 од 28.01.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 28.01.2026 година доставена е пријава со наводи против лицето --------- -------------- вработено во ЈУ -------------- ---- ----------------- и оформен е предмет број 12-566/1 од 28.01.2026 година.

Во пријавата се изнесени наводи за сомневање дека пријавеното лице како вработен во јавната установа на работно место соработник на чуварска служба и одговорно лице за заштита од пожари, ја злоупотребило својата службена положба по неколку основи и тоа:

-неовластено користење на службени простории, поради тоа што без одобрение на јавната установа организирал настан во службените простории на установата за приватни цели на приватното здружение Љубители на НП ----------- на кое тој бил основач и претседател;

-фалсификување на службени документи поради сомневање дека истото лице водело двојна евиденција и пред надлежни органи презентирало документи со сомнителна автентичност, со што го доведувал во прашање интегритетот на целата установа и

-користење на службено возило на јавната установа за приватни потреби.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара од ЈУ -------------- ---- ----------------- произнесување по однос на сите наводи од пријавата против пријавеното службено лице, со достава на прилог документација. Исто така ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

побара од Министерството за внатрешни работи на РСМ произнесување за нивното постапувањето по однос на до нив поднесена кривична пријава против истото лице.

ЈУ -------------- ---- ----------------- од -------- извести дека во врска со настанот организиран од страна на Здружението љубители на ----- --------- во просториите на ---- ------------, не бил склучен договор за користење на просториите и заради тоа не бил побаран и не бил платен износ за користење на истите. За одржување на настанот на била издадена согласност од страна на установата. Инаку, установата имала склучено Меморандум за соработка за наведеното Здружение но иститот не давал право за одржување на настани во име или во простории на установата, па поради неовластеното користење на нејзиките простории ЈУ ----- --------- ---- ----------------- еднострано го раскинала Меморандумот на 04.02.2026 година. Во Изјавата за раскинување, заведена под број број 03-99/1 од 12.02.2026 година, меѓудругото е наведено дека оваа изјава не претставува одрекување од правото на јавната установа да преземе и други соодветни правни дејствија согласно закон.
Во врска со наводите дека пријавеното лице континуирано користело службено возило на ЈУ -------------- ---- ----------------- за приватни потреби се известува дека јавната установа постапила и од страна на раководителот на одделение за заштита на природата ------------ ----------------, кој имал пристап до системот и бил задолжен за пратење на службените возила, биле констатирани низа неправилности за 2025 и 2026 година.
Министерството за внатрешни работи на РСМ, Сектор за внатрешни работи од ------- извести дека до ОЕК-ОКП при СВР -------- на ден 05.02.2026 година од страна на лицето --------- ------------------- директор на ------ -------------- ----------- била поднесена кривична пријава против наведеното службено лице за кривично дело Фалсификување на службена исправа предвидено и казниво по чл.361 ст.1 од КЗ. За предметниот случај, по дадени насоки на јавен обвинител и извршен разговор на 18.03.2026 година со пријавениот, целокупниот службен материјал на ден 25.03.2026 година бил доставен до ОЈО ---------- со известување број 28495/2 за оформен кривичен предмет КО бр. -----/--------.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за случајот постапиле други надлежни органи, -------- -------------- ---------- и МВР-СВР --------, а воедно во тек е постапка пред Основното јавно обвинителство ---------- по оформен кривичен предмет за пријавеното лице.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Претседател

Адем Чучуљ

Доставено до: Подносителот на пријавата